# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


До

Врска : Барање бр. 32-25/18 од 20.04.2021 година

Предмет: Доставување на информација од јавен карактер

Почитувани,
Во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.32-25/18 од 20.04.2021 година, со кое барате да ви доставиме информација ве известуваме дека барањето е прифатено и Општина Кочани има донесе позитивно

**Решение**

Во врска со првото прашање во прилог ви го доставуваме предлог буџетот за 2021 година и линк од Буџетот од нашата веб страна .
https://kocani.gov.mk/wp-content/uploads/2021/01/budzet-2021.pdf
Во врска со второто и третото прашање со кое барата да ви се достави Граѓански буџет и Отчет за 2020 година би сакале да ве информираме дека како Општина немаме донесено таков акт.
Во врска со четвртото прашање можеме да ви одговориме дека како Општина секоја година имаме буџетски форуми тие се организираат во месец Ноември каде се поканети сите граѓани на Општина Кочани и сите претседатели на месни и урбани заедници.
Во врска со петото прашање може да ви одговориме дека немаме донесено таков акт.
Во врска со шестото прашање може да ви одговориме дека секоја седница е отворена за граѓаните и има присутни, за време на пандемијата и на zoom конференциите имаа можност да се вклучат сите заинтересирани граѓани.
Во врска со седмото прашање може да ви одговориме дека Општината преку веб страната на Општина преку медиумите и преку социјалните мрежи ги информира граѓаните за јавните расправи и за седниците на Совет, Општина Кочани е транспарентна Општина каде се труди максимум секоја информација да стигне до граѓаните.
Во врска со осмото прашање завршната сметка се разгледуваше на Седница на Совет немавме посебна јавна расправа пред самата седница, пред самата седница Комисијата за финансии ја разгледуваше завршната сметка каде и граѓаните може да учествуваат и да ја следат Комисијата и Седницата.
Во врска со деветото прашање на секоја седница може да присуствуваат граѓаните но во записникот не се наведуваат дали има присутни граѓани односно се наведуваат присутните раководители и изготвувачи на материјали на истата седница.

Бр.32-25/18
06.05.2021 година
Кочани

Лице за контакт
Јалчн Неџипов **072/306-065**

Лице за посредување при остварување на право
на слободен пристап до информаци за Општина Кочани
Јалчн Неџипо